16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ УПОЗ СТРУГА 2010

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

НА 16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ • ЈУНИ 2010 ГОДИНА

**ОД 03-06. 06. 2010 ВО СТРУГА СЕ ОДРЖАА ШЕСНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ**

## 16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ „СИС-УПОЗ 2010"



(ОД 3 - 6 ЈУНИ 2010 ГОДИНА)

# СЕ ОДРЖАА ШЕСНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

*По шеснаесетти пат оваа година, од 03 до 06 јуни во хотелот „Еврохотел“ во Струга се одржаа спортските игри на Синдикатот на УПОЗ. Со продолжување на оваа убава традиција, членовите на Синдикатот на УПОЗ уште еднаш имаа можност во спортски дух и дружење заеднички да поминат три незаборавни дена. На игрите се натпреваруваа 16 екипи, кои се погрижија игрите да поминат во во добро дружење и фер натпревари. Тие се натпреваруваа во осум дисциплини во машка конкуренција, каде што за првпат оваа година беше воведена дисиплината тенис која се играше во официјалниот дел, и седум во женска конкуренција. Како и предходните години така и оваа, по петти пат на игрите учествуваа 50-тина колеги од Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска. Игрите ги отвори Претседателот на Синдикатот на УПОЗ, Ванчо Муратовски кој накусо се осврна на некои позначајни активности на Синдикатот во наредниот период. На Шеснаесеетите спортски игри беа постигнати следниве резултати:*

## *Севкупен победник на игрите:* - Локална самоуправа Карпош.

**Севкупен победник во машка конкуренција е екипата на судовите од Апелационото подрачје Скопје.**

**Севкупен победник во женска конкуренција е екипата на Локалната самоуправа Струга.**

**Наградата за фер-плеј оваа година им припадна на сите екипи учеснички.**

### Машка конкуренција - прво место:

- **Мал фудбал**
  Локална самоуправа Карпош
- **Кошарка**
  Апелационо подрачје Скопје
- **Одбојка**
  Агенција за катастар на недвижности
- **Пинг Понг** - Фонд за ПИОМ
- **Шах** - Апелационо подрачје Скопје
- **Стрелаштво** - Локална самоуправа Карпош
- **Крос** - Регионален синдкален совет Велес
- Тенис - Апелационо подрачје Скопје

### Женска конкуренција - прво место:

- **Пикадо** - Фонд за ПИОМ
- **Баскет** - Локална самоуправа Струга
- **Одбојка** - Фонд за ПИОМ
- **Пинг-Понг** - Локална самоуправа Карпош
- **Шах** - Агенција за катастар на недвижности
- **Стрелаштво**
  Локална самоуправа Струмица
- **Крос** - Локална самоуправа Струга
- **Заедничка дисциплина - Влечење јаже**
  Агенција за катастар на недвижности

И покрај некои пропусти, генерално може да се каже дека Шеснаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ беа добро подготвени и организирани, учесниците беа задоволни од севкупната организација, можноста да се дружат и забавуваат и да ја продолжат традицијата која опстојува веќе шеснаесет години.







16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
СТРУГА 2010





16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
СТРУГА 2010










16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
СТРУГА 2010





16 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
СТРУГА 2010

